РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-294/1
15-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2844/1 од 27.10.2025 година, во која се изнесени наводи за коруптивни дејствија извршени од страна на полициски службеници во ---------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во пријавениот случај, а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-2844/1 од 27.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.10.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за коруптивни дејствија извршени од страна на полициски службеници во --------------------------------.

Подносителот во пријавата наведува дека работел како водич за придружба на организирани турнири во туристички агенции во -----------, за патувања во странство. Според подносителот на пријавата, при секоја контрола на автобусите на туристичките агенции на влез или излез во граничниот премин помеѓу ----- – ------------ во --------------, полициските службеници барале поткуп за да не чекаат на ред и автобусите да поминат побрзо.

Во пријавата е наведено дека овие незаконитости се пријавени и до Министерството за внатрешни работи (МВР), Министерството за правда, Европскиот Совет и Европската Комисија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК ја разгледа содржината на пријавата и имајќи предвид дека станува збор за активности кои не се во надлежност на нејзино постапување и за истите надлежен орган за постапување е МВР, каде и ќе ја достави пријавата за натамошно постапување.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК